# Јавна реакција

## Кога правдата станува симболична

—


Коалиција Сите за правично судење

www.caft.org.mk

ул. Македонија 11/2-10, Скопје

+389 2 6139874

+389 71 218651



Скопје, 2025

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Оваа јавна реакција е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Коалиција „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# КОГА ПРАВДАТА СТАНУВА СИМБОЛИЧНА

Трагедијата во Кочани, во која животите ги загубија 62 лица, меѓу кои и деца, со право предизвика болка, гнев и повици за правда во јавноста. За жал, како одговор на овие повици, во обид да демонстрираат решителност, институциите ризикуваат да прекршат одредени правни принципи и со тоа да ја поминат линијата меѓу вистинска одговорност и јавна претстава.

Обвинението поднесено против 30 лица за едно исто дело (тешки дела против општата сигурност) отвора сериозни прашања за тоа што навистина значи правда и фер и правично судење во случаи обременети со емоции. Мора да признаеме дека дел од обвинетите можеби навистина сносат кривична одговорност, но идејата дека сите, без оглед на нивната улога, намера или близина до настаните од 16 март, се подеднакво виновни за трагедијата и смртта на толкав број на лица, укажува на симболично гонење, а не правично судење.

## КОРУПЦИЈАТА НЕ Е УБИСТВО

Во еден случај, правната квалификација беше појаснета со аналогија на брана што попушта- структура ослабена поради години на негрижа и корупција што на крајот се руши под притисокот на водата. Но оваа аналогија, колку и да е сликовита, не го одразува реалниот правен контекст на пожарот во Кочани, најнапред бидејќи оваа трагедија не настана постепено. Таа беше предизвикана од конкретен чин, односно несоодветна употреба на пиротехника во затворен простор, без соодветни услови. Дури и ако клубот работел незаконски со години, пожарот и смртта не беа предизвикани од самото постоење на клубот, туку беа предизвикани од одлуки и дејствија преземени таа конкретна вечер. Да се тврди спротивното значи да се прескокне причинско-последичната врска, и да се припише смртта не на она што реално се случило, туку на дејствија што се случиле неколку години претходно.

Во кривичното право постои одговорност само кога постои јасна и предвидлива причинско-последична врска меѓу дејството и последицата, односно само ако штетата е логична и очекувана последица од тоа што лицето го сторило. Ако го прифатиме аргументот дека службеник кој пред неколку години издал незаконска лиценца за работа на клуб кој не ги исполнувал условите е одговорен за пожарот во 2025 година кој настанал поради несоодветна употреба на пиротехника, тогаш треба да прифатиме и дека:

- Секое службено лице што зело поткуп за технички преглед на возило или за издавање на возачка дозвола во случаи кога не се исполнети условите е виновно за секоја сообраќајна несреќа;
- Секое службено лице што проневерило средства наменети за здравствениот систем е виновно за смртните случаи во болниците кои настануваат како недостиг на кадар, опрема и лекови;
- Секое службено лице што го оштетило буџетот наменет за инфраструктурни проекти е виновно за штетата настаната поради сообраќајки или оштетување на возила поради несоодветни услови на патиштата,
- Полициските службеници кои не реагирале на време на пријавите за семејно насилство се виновни за смртта на жртвата која можеби би била спречена, итн.

Ако еднаш се откажеме од принципот на постоење на причинско- последична врска помеѓу поведението и настанатата последица за да се утврди одговорност, тогаш секоја коруптивна постапка станува потенцијална основа за обвинение, но не за корупција, туку за било која идна трагедија. Ова не е правна логика, туку панично размислување поради кое системот удира по самарот, бидејќи не може по магарето.

## ПРОМЕНА НА КВАЛИФИКАЦИЈАТА ПОРАДИ ОГРАНИЧЕН КРИВИЧЕН ПРОГОН

Она што е уште позагрижувачко е причината зошто обвинителството воопшто не поднесе обвиненија за корупција, иако во јавноста веќе беа споделени информации за случаи на поткуп, фалсификувани дозволи, пропуштање на надзор, несовесно вршење на службата и злоупотреба на службената положба.

Одговорот лежи во измените на Кривичниот законик од 2023 година, со кои беа намалени казните за коруптивни кривични дела, а со тоа и скратени роковите на застарување. Голем дел од потенцијалните дела веќе се застарени, не затоа што не постоела вина, туку затоа што државата доцнеше со постапување и затоа што државата сосема погрешно одлучи дека високата корупција не треба да се гони со високи казни и долги рокови на застареност.

Поради ова, за да се надомести пропустот, обвинителството се обидува да ги смести истите дејствија под друго кривично дело (тешки дела против општата сигурност) иако не постои директна правна врска помеѓу, на пример, поткупот за добивање дозвола за работа и смртта предизвикана од пиротехника во 2025 година. Како што и самиот Јавен обвинител кажа во една прилика: „смртта не може да биде последица на корупција“, веројатно несвесен дека на овој начин и самиот внесе сомнеж во квалитетот на обвинението признавајќи дека обвинетите лица кои земале поткуп и ја злоупотребиле службената положба не ја предизвикале смртта. Но, за жал, системот што не ги санкционираше навреме виновниците за корупција, сега кога не може да ги гони за делото што го сториле,

се обиде овие поведенија да ги подведе под друга правна квалификација и овие лица да ги гони за друго, многу потешко дело, кое можеби нема да може да го докаже.

Ова не е правна креативност, туку импровизација на правдата која е особено недозволива во кривичното право каде принципот nullum crimen nulla poena sine lege certa изискува јасно дефинирање на сите дејствија на сторување на кривичните дела, како и строга правна предвидливост.

## КОГА ИНСТИТУЦИИТЕ ГОНАТ СПОРЕД ЕМОЦИИ, А НЕ СПОРЕД ДОКАЗИ

Проблемот не е изолиран само на случајот со трагедијата во Кочани. За време на пандемијата со КОВИД-19, обвинителството масовно поднесуваше обвиненија по еден ист член од Кривичниот законик (непостапување според здравствените прописи за време на епидемија) против физички и правни лица кои се однесувале на радикално различен начин. Така под истото кривично дело беа осудени:

- луѓе кои не го почитуваа полицискиот час,
- заразени лица кои не ги почитувале мерките за изолација,
- лица кои се групираа во затворен простор,
- правни лица кои не ги почитуваа хигиенските мерки,
- правни лица кои не ги почитуваа мерките за ограничување на бројот на лица во објектот,
- медицински професионалци заради неиздвојување на болните лица во амбулантите и болниците, итн.

Со ова, за жал правниот систем овозможи наместо да се разликува степенот на опасност, вината и придонесот кон последицата за секое лице посебно, да бидат гонети и казнети со речиси идентични казни сите лица кои прекршија широк и нецелосно дефиниран спектар на поведенија, подведени под еден ист член од Кривичниот законик.

Во друг актуелен и јавно експониран предмет, лице е обвинето за тешки дела против општата безбедност затоа што неговиот син кој немал возачка дозвола, управувал со неговиот автомобил, со кој потоа прегазил и усмртил пешак. Синот е со право обвинет за причинетата сообраќајка, но кога станува збор за таткото, работите не се така едноставни.

Дури и да го земеме како неспорен и докажан фактот дека автомобилот бил управуван бидејќи таткото свесно и волево му ги дал клучевите на својот син, мора да се има предвид дека ниту еден закон не забранува дури и легално да подарите автомобил на лице што нема возачка дозвола. Останува на одговорноста на лицето кое нема возачка дозвола дали ќе реши да управува со возилото на јавен пат.

Ако почнеме да го казнуваме секој што индиректно предизвикал ризик од сторување на кривично дело, тогаш веќе не казнуваме дејствие, туку можност, а со тоа ја укинуваме разликата меѓу морална и кривична одговорност. Навикнати сме да ја препознаваме неказнивоста, кога моќни или политички експонирани лица избегнуваат кривична одговорност, но ова е другото лице на селективната правда- да се гонат и прекумерно да се казнуваат најдостапните, најранливите или највидливите сторители, само за да се задоволи јавната жед за крв. Во обата случаи вагата на Јустиција не е балансирана.

## ПРАВДАТА ТРЕБА ДА ГО ПРЕПОЗНАЕ И ИЗДРЖИ ЈАВНИОТ ГНЕВ, А НЕ ДА ГО ИМИТИРА

Разбирливо е што трагедијата предизвикува бес, кој го чувствуваме сите ние и неспорно е дека лаичкиот елемент на правото се должи токму на препознавањето дека правдата е истовремено и човеково чувство кое го чувствуваат сите луѓе. Но постои причина зошто правото е сепак наука, а судството е единствената професионална државна власт, бидејќи правдата мора да биде повеќе од само емоционална сатисфакција, а судскиот процес не смее да се претвори во суд на разјарена толпа. Правдата, а особено кривичната правда, мора да биде:

- Индивидуализирана,
- Пропорционална,
- Заснована на факти, намера и правни принципи, а не на пронаоѓање масовна вина и медиумски притисок.

Во земја како нашата, каде што довербата во институциите е кревка, а сеќавањата на неказнети моќници се сè уште свежи, симболичната казна во неповрзани предмети, колку и да е строга, не ја обновува правдата и не ја неутрализира неказнивоста. Напротив, симболичната правда само го зацврстува впечатокот дека правото не ѝ служи на вистината, туку на формата и популарноста во дадениот момент.

## НИТУ АМНЕСТИЈА, НИТУ ЛИНЧ, ТУКУ ПРАВИЧНА ОДГОВОРНОСТ

Можеби на прв поглед оваа критика изгледа како одбрана на обвинетите, но всушност е одбрана на правото, што во крајна линија е во интерес и на жртвите и нивните семејства кои со право бараат правда. Лошо поставено обвинение не само што ја отвора вратата за долготрајни и исцрпувачки судски постапки, какви за жал, се честа појава во нашиот судски систем, туку носи и ризик од неуспех на обвинителството, поништување на пресудите и повторување на постапката, или дури и утврдување повреда на човековите права од страна на Европскиот суд за човекови права.

Имајќи предвид дека овој случај сам по себе најавува долга постапка (со 30 обвинети, голем број на жртви и сведоци, обемна материјална и техничка документација, како и со зголемен јавен интерес), доколку обвинението не е

правно и фактички издржано, тоа само ќе придонесе за дополнително одолжување на постапките, ќе ги измори семејствата на жртвите, а на крај може да заврши со пресуди што ќе бидат поништени или оспорени, токму поради неоснована или прекумерна квалификација. Со таков исход, правдата повторно ќе им биде ускратена токму на оние што ја бараат со најголема причина.

Поради ова, потребно е судството да ја применува правдата доследно, а не популистички. Обвинителството мора да разликува меѓу морална одговорност и кривична одговорност, меѓу апстрактна и конкретна причинско- последична врска. Јавноста треба да продолжи да бара одговорност, но не преку спектакуларни пресуди во емотивно наелектризирани случаи, туку преку фер судски постапки, јасни обвиненија и аргументирани судски одлуки што ќе го издржат тестот на јавна и правна дебата. Во спротивно, правдата станува само симболичен обид за пресметка со неуспесите од минатото, а таквата правда не може да изгради доверба во судскиот систем и да го неутрализира чувството на неказнивост.

Оваа трагедија мора да биде повод за институционална реформа, а не за симболични пресметки. Потребна е итна интервенција во Кривичниот законик за неутрализирање на измените од 2023 година и воспоставување јасни механизми за навремено гонење на службени лица за корупција, без потреба да се прекршуваат правните принципи кога последиците ќе се остварат.

## БИДЕЈЌИ СЕЛЕКТИВНАТА ПРАВДА Е САМО ДРУГА ФОРМА НА НЕПРАВДА